Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *Македонски јазик* за II одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

**СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**II Одделение**

Август 2020 година

**ДЕВЕТГОДИШНО**

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 6 часа неделно, односно вкупно 192 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

| ТЕМА: ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ (58 часа) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br><br>1. Потсети се! Препознај ги буквите – Змеј од букви , Бушава азбука<br>2. Поврзување на букви со илустрација - Игра со букви<br>3. Пишување прави исправени и прави легнати линии<br>4. Пишување коси линии налево и коси линии надесно<br>5. Пишување на лев и десен полукруг и круг<br>6. Поврзување на лев и десен полукруг (чингелчиња)<br>7. Пишување на горен и долен полукруг<br>8. Поврзување на букви со илустрација - Игра со букви<br>9. Големата и мала печатна буква Аа<br>10. Големи и мали печатни букви Мм и Ии |

11. Читање и пишување на зборови со буквите А и М - поим за реченица, збор
12. Големата и малата печатна буква Ее – поим за именки
13. Именки. Пишување на сопствени имиња со голема буква
14. Големи и мали печатни букви Сс, Нн и Тт
15. Реченицата почнува со голема буква и вежби за читање со изучените букви
16. Големи и мали печатни букви Оо и Вв
17. Поврзување на илустрции со зборови
18. Големи и мали печатни букви Пп и Бб
19. Големи и мали печатни букви Лл и Дд
20. Големи и мали печатни букви Уу , Рр и Јј
21. Препознавање на изучени букви и составување на збор
22. Големи и мали печатни букви: Кк, Ќќ,
23. Големи и мали печатни букви: Гг и Ѓѓ
24. Вежби со изучените печатни букви
25. Големи и мали печатни букви: Зз, Жж и Шш
26. Големи и мали печатни букви Чч, Цц и Џџ
27. Диктат на зборови и реченици со изучените букви
28. Печатните букви Љљ и Њњ
29. Големи и мали печатнатни букви Фф, Хх и Ѕѕ
30. Читање на текстот:„Другарство “/текст од учебник кој се користи
31. Разлики и сличности помеѓу малите и големите букви
32. Диктат на реченици или краток текст
33. Усвојување на ракописните букви Аа, Мм
34. Пишување на зборот мама
35. Усвојување на ракописните букви Ии, Ее
36. Усвојување на ракописните букви Сс, Нн
37. Усвојување на ракописните букви Тт, Оо
38. Диктат – Пишување на текст со ракописни букви
39. Усвојување на ракописните букви Вв, Пп

40. Усвојување на ракописните букви Бб, Уу
41. Усвојување на ракописните букви Дд, Јј
42. Усвојување на ракописните букви Лл, Рр
43. Диктат – Пишување на текст со ракописни букви
44. Усвојување на ракописните букви Кк, Ќќ
45. Усвојување на ракописните букви Гг, Ѓѓ
46. Усвојување на ракописните букви Зз, Жж
47. Усвојување на ракописните букви Шш, Чч
48. Диктат – Пишување на текст со ракописни букви
49. Усвојување на ракописните букви Цц, Џџ
50. Усвојување на ракописните букви Љљ, Њњ
51. Усвојување на ракописната буква Фф
52. Усвојување на ракописните букви Хх, Ѕѕ
53. Диктат – Пишување на текст со ракописни букви
54. Македонска азбука
55. Составување реченици по серија слики
56. Препишување на песната „Најубавиот букет“ (песна од соодветен учебник) со ракописни букви
57. Интерпункциски знаци: . , ? ! – примена при пишување
58. Пишување реченици со изучените ракописни букви

| ТЕМА: ЈАЗИК (18часа) |
|---|
| **Наставни единици:**<br><br>1. „Мојата училница и правила на однесување во училницата“- сите предмети имаат име<br>2. Поим за збор – „ И  животните имаат име“ |

3. Поим за реченица - „ И растенијата имаат име“
4. Именки
5. Вежби за збор,реченица и именки
6. Расказни реченици
7. Прашални реченици
8. Редот на зборовите во реченицата
9. Реченици според дадени зборови
10. Извикувам, се радувам, се лутам – извични реченици
11. Расказни, прашални, извични реченици
12. Извикувам, се радувам, се лутам – извични реченици
13. И бројот е збор кога се кажува или кога се пишува
14. Поделба на зборовите на слогови
15. Си играме со зборови и учиме – игра На буква, на буква
16. Поим за интерпукциски знаци и правилна примена при читање на соодветен текст
17. Броеви до 20
18. Дискриминација на гласовите ц,з,ѕ,с,ч,џ,ш,ќ,ѓ,л,љњ,р

## ТЕМА: ЛИТЕРАТУРА (78часа)

**Наставни единици:**

1. Интерпретација на песната: „Сликата на татковинта“ (или друга по избор)
2. Интерпретација на песната: „Се можеме веќе сами“ (или друга по избор)
3. Интерпретација на текст: „Торба со златници“- поговорка (или друг по избор)
4. Интерпретација на песна: „ Ако сакаш да си силен“ (или друга по избор)
5. Интерпретација на песна: Есенски плодови (или друга по избор)

6. Интерпретација на текст „Роденден“ - Празнуваме различни празници во домот
7. Интерпретација на текст „Роденден“(или друг по избор)
8. Вежби во читање на текстот: „ Во шума“(или друг по избор)
9. Интерпретација на текст „Човекот учи додека е жив“(или друг по избор)
10. Интерпретација на приказната „Волк и мачор“ (или друга по избор)
11. Народна приказна: „Мара Пепелашка“ (или друга по избор)
12. Народна приказна: „Мара Пепелашка“ (или друга по избор)
13. Лектира бр.1 „Грдото пајче“
14. Лектира бр.1 „Грдото пајче“
15. Интерпретација на текстот: Три леба (или друг по избор)
16. Анализа на текстот: „Три леба“ (или друг по избор)
17. Интерпретација на текст „Приказна за Ветерот Северко“ (или друг по избор)
18. Драматизација на текстот „Приказна за Ветерот Северко“ (или друг по избор)
19. Интерпретација на текст: „Маја кај заболекар “ (или друг по избор)
20. Раскажување на текстот „Маја кај заболекар“ (или друг по избор)
21. Интерпретација на текст: Зимска приказна (или друг по избор)
22. Интерпретација на песната: Снегулки (поим за стих и строфа) (или друга по избор)
23. Интерпретација на текстот: „Врне снег„- рима во текст (или друга по избор)
24. Анализа на текстот: „Врне снег“ (или друг по избор)
25. Лектира бр.2 – Снежана
26. Лектира бр.2 – Снежана
27. Интерпретација на текстот: Волшебна ноќ (или друг по избор)
28. Интерпретација на текстот: Волшебна ноќ (или друг по избор)
29. Коледарска народна песна Збирајте се дечиња (или друга по избор)
30. Интерпретација на песната: Божиќ е (или друга по избор)
31. Рецитирање на стихотворбата: Божиќ е (или друга по избор)
32. Интерпретација на драмски текст:„ Весна и Џивко “ (или друг по избор)
33. Интерпретација на драмски текст:„ Весна и Џивко “ (или друг по избор)
34. Гласно читање на текст: Трите сестрички (или друга по избор)

35. Читање во себе: Кој како вели?
36. Интерпретација на текстот „Играта на Славка и Славчо“ (или друг по избор)
37. Интерпретација на текстот „Играта на Славка и Славчо“ (или друг по избор)
38. Интерпретација на басната „Бик и зајак “ (или друга по избор)
39. Интерпретација на басната „Мајка“ (или друга по избор)
40. Анализа на басната „Мајка“ (или друга по избор)
41. Интерпретација на песната „Честитка“ (или друга по избор)
42. Читање на текстот „Дожд“ (или друг по избор)
43. Вежби во читање на текстот „Дожд“. (или друг по избор)
44. Вежби во изразно читање на изучени текстови
45. Интерпретација на текстот „Најубавите раце“ (или друга по избор)
46. Анализа на текстот „Најубавите раце“ (или друга по избор)
47. Лектира бр.3 - Зоки Поки I час
48. Лектира бр.3 - Зоки Поки 2 час
49. Интерпретација на бајка „ Бајка за лебедот “ (или друга по избор)
50. Анализа на бајка „Бајка за лебедот“ (или друга по избор)
51. Интерпретација на текстот „Девојчето со куклата“ (или друга по избор)
52. Гласно читање – Малку првоаприлска смеа
53. Интерпретација на текстот „Другарки“ (или друг по избор)
54. Интерпретација на народна приказна „Најубавиот плод“ (или друга по избор)
55. Анализа на народна приказна „Најубавиот плод“ (или друга по избор)
56. Интерпретација на басната „Две кози “(или друга по избор)
57. Интерпретација на басната „Инаетчии “ (или друга по избор)
58. Народна приказна „Крава без ливада“(или друга по избор)
59. Интерпретација на драмски текст „Тошо“(или друг по избор)
60. Читање по улоги „Тошо“ - драматизација на текст (Значење на водата за живиот свет) Еко стандард (или друг по избор)
61. Интерпретација на песна „Велигденска песна“ (или друга по избор)
62. Рецитирање на песната„ Велигденска песна“ (или друга по избор)
63. Интерпретација на текст „Велигденски јајца“ (или друг по избор)

| |
|---|
| 64. Интерпретација на текст „Велигденски јајца“(или друг по избор)<br>65. Интерпретација на песна „Семафор“ (или друга по избор)<br>66. Интерпретација на текст: Ждребенце (или друг по избор)<br>67. Интерпретација на текст: Ждребенце (или друг по избор)<br>68. Народна приказна „Лажливец“ (или друга по избор)<br>69. Анализа на приказната „Лажливец“ (или друга по избор)<br>70. Интерпретација на текстот „Верче и јаготките“ (или друг по избор)<br>71. Анализа на текстот „Верче и јаготките“ (или друг по избор)<br>72. Интерпретација на текстот „Незавршена приказна“ (или друг по избор)<br>73. Интерпретација на песната „Најубавиот букет“ (или друга по избор)<br>74. Рецитирање на песна: Честитка (или друга по избор)<br>75. Писмено проверување на стекнатите знаења на учениците во второ одделение<br>76. Интерпретација на драмскиот текст: „Зошто светулката нема другарче“(или друга по избор)<br>77. Интерпретација на песната „Летен распуст“ (или друга по избор)<br>78. Автодиктат на песната „Летен распуст„ (или друга по избор) |
| **ТЕМА: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ (28 часа)** |
| **Наставни единици:**<br>1. Визуелен диктат со изучени печатни букви<br>2. Говора вежба: „Се вративме одморени“<br>3. Усно опишување на природна појава од непосредната околина по слики<br>4. Раскажување по серија слики „Мравка оди на училиште“ или „Еж во суви лисја“<br>5. Приказна со илустрации и текст „Чистотата е половина здравје“<br>6. Приказна во слики – мојот ден (опишување)<br>7. Прераскажување со изменет крај<br>8. Говорна вежба „Моето семејство“. Раскажување – Помагам во домот |

9. Зимски празници – раскажување настан по слики
10. Писмено изразување – Пишување реченици за зимата
11. Усно изразување – Во светот на фантазијата
12. Пишување честитка за Нова година
13. Интерпретација на текст: „Маја кај заболекар “ (или друг по избор)
14. Писмено изразување: Убава е мојата татковина или мојот град
15. Раскажување на пртходно изучениот текст
16. Приказна со илустрации и текст „Чистотата е половина здравје“ (или друг по избор)
17. Препишување на песни со ракописни букви
18. Опишување на лик
19. Пишување честитка за мама
20. Говорна вежба: Велигденски празнувања
21. Опишување  на животно
22. Рецитирање на песна
23. Моето лице има свои бои-писмено опишување на своите чувства
24. Интерпретација и анализа на народна приказна  „Најубавиот плод“ (или друг по избор)
25. Интерпретација на драмски текст „Тошо“ (или друга по избор)
26. Читање по улоги „Тошо“ - драматизација на текст (Значење на водата за живиот свет) (или друг по избор)
27. Писмено проверување на стекнатите знаења на учениците во второ одделение
28. Говорна вежба-„Каде сакам да летувам

| ТЕМА: МЕДИУМСКА КУЛТУРА (10 часа) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Училишна библиотека<br>2. Низ страниците на Другарче или други детски списанија |

3. Радио и ТВ емисии ИКТ (Youtube)
4. Училишна библиотека: позајмување, читање и враќање на книгите
5. Филм, цртан, анимиран или филм со кукли
6. Театар (куклена претстава)
7. Одењето в кино е доживување
8. Културен разговор по телефон - Драмски текст
9. Филм, цртан, анимиран или филм со кукли
10. Презентирање на еден вид на филм

### 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик* е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активности и методи). Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема /часовите по *македонски јазик* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците да се поттикнува кон активно слушање, да се поттикнува кон активно слушање, да се оспособи на вербален говор, да ги усвои печатните и ракописните кирилски букви, да се оспособи за правилно читање и пишување, да се запознае со основните говорни елементи, да се оспособување за користење на граматички и правописни норми, да формира навики за правилно седење при читање и пишување, да се воведе во народната и уметничка литература, да се воведе во усното и писмено изразување и творење, да се збогатува речникот со нови зборови, да се упатува во основните барања за анализа на текстовитеда се оспособува да рецитира песна, да врши драматизација на песна во дијалошка форма, да се оспособува писмено да прераскажува кус текст, да се оспособува да раскажува писмено доживеан настан; се оспособува да прави разлика меѓу театарска и куклена претстава, да ги воочува основните разлики помеѓу нив и литературното дело, да пројавува интерес за следење детски печат; да позајмува книги од библиотека и правилно да се однесува кон нив; да се оспособува писмено да опишува лица, прдмети, животни и растенија и тн.

Најефикасни методи на учење во наставата по македонски јазик се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење.

Со оглед на фактот дека наставниците користат учебни помагала по македонски јазик од различни автори, реализацијата и понатаму ќе се основа врз наставните цели, содржини и активности кои произлегуваат од наставната програма по македонски јазик за II одделение.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *македонски јазик* за второ одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/213
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска